# З А П И С Н И К

од дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 07.07.2016 година, со почеток во 13:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател;
2. Славе Веловски, член;
3. Петар Есмеров, член;
4. Горан Велинов, член;
5. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Бојана Стефановска, Советник за правни работи- во својство на записничар,

Членот Дешира Имери беше оправдано отсутна.

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од единаесетиот состанок на Комисијата одржан на 06.06.2016 и усвојување на предлог дневниот ред за дванаесетиот состанок за 2016 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од единаесетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Барање согласност за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2016 година со предлог Анекс 4;

   Откако беше објасната причината за измената на Годишниот план за јавни набавки од страна на Директорот, комисијата даде согласност.

3. Барање согласност за јавна набавка на Услуга за обезбедување на имот и лица на АЕК;

   Имајќи во предвид дека предходниот договор е пред истекување, комисијата даде согласност за ваков вид на набавка.

4. Барање согласност за јавна набавка на печатарски услуги;

   Комисијата даде согласност за ваков вид на набавка.

5. Измена и дополнување на Годишен финансиски план на АЕК за 2016 година;

Согласно Законот за електронските комуникации, нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2015 година ги пренесува во Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година, и за истите предлага измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2016 година со нивно соодветно распределување, за кое нешто Комисијата даде согласност да се објави на јавна расправа, по кој рок ќе биде повторно разгледуван од страна на Комисијата.

6. Разно

Под точката разно, Директорот ги информираше членовите на комисијата дека е пристигната согласност од Министерството за Правда за давање согласност за донација на ЗОО Скопје, за што се задолжуваат службите да постапат по истото.

Состанокот заврши на 07.07.2016 во 16:00 часот.

**Гордана Клинчарова, претседател** ____________________

**Славе Веловски, член** ________________________________

**Петар Есмеров, член** _________________________________

**Горан Велинов, член**_________________________________

Наш број ____________

Скопје ______________

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk